# Скандинавија: Шведска, Норвешка и Данска

## 9. октомври 2026. - 14. октомври 2026.
## 6 дена - 5 ноќи

Откријте ја магијата на Скандинавија – регион на неверојатна природна убавина, модерни градови и уникатна култура. Ова патување ве води низ трите скандинавски бисери: Шведска, Норвешка и Данска – дестинации што нудат совршен баланс помеѓу традиција и современ живот.

Вашата авантура започнува во Стокхолм – елегантен град изграден на острови, каде што ќе уживате во шармот на старото градско јадро, кралските палати и модерниот скандинавски дизајн.

Потоа продолжува кон Осло, опкружен со прекрасна природа, каде што ќе имате можност да ги доживеете спектакуларните фјордови, свежиот планински воздух и уникатната норвешка култура.

Патувањето завршува во Копенхаген – живописен и космополитски град, познат по своите канали, кралски знаменитости и пријатна атмосфера. Тука ќе уживате во опуштени прошетки, локална кујна и скандинавски стил на живот.

Оваа тура е идеална за сите љубители на природата, културата и урбаниот туризам. Дозволете си незаборавно искуство исполнето со прекрасни пејзажи, богата историја и врвна организација – Скандинавија ве очекува!

**План и програма**

**Ден 1: Состанок на патниците, поаѓање, Stockholm City Tour & Музејот Васа**

Состанок на патниците на аеродромот во Скопје. Лет од Скопје до Стокхолм. Пристигнуваме во Стокхолм, и имаме слободно време за истражување на градот. Опционално има два излети : Пешачки разглед на Стокхолм и посета на музејот Васа. За време на разгледот, се шетаме низ стариот град, минуваме низ тесни средновековни улички. Продолжуваме кон централните делови на модерниот Стокхолм како Градското собрание кадешто се одржува годишниот банкет по церемонијата на доделување на Нобеловата награда. Потоа, одиме на посета на музејот Васа кадешто е изложен воениот брод - Васа кој е воедно единствениот зачуван брод од 17ти век во светот. Одиме во хотелот и се сместуваме. Ноќевање.

**Превоз**
Авио билет со сите такси на релација Скопје - Стокхолм (WizzAir),во економска класа вклучен рачен багаж од 10kg со димензии 40x20x25cm
Трансфер од аеродром до сместувањето

**Сместување**
ProfilHotels Riddargatan **(1 ноќ)**

**Место**
Скопје, Стокхлом

**Факултативни излети**
Stockholm City Tour
Васа музеј

**Ден 2: Поаѓање за Осло**

По појадокот, се упатуваме кон железничката станица во Стокхолм кадешто се качуваме во воз и одиме кон Осло! Пристигнуваме во Осло и се упатуваме кон нашиот хотел. Се сместуваме и имаме слободно време. Ноќевање.

**Превоз**
Воз од Стокхолм до Осло
Трансфер од железничка станица до сместувањето

**Сместување**
Comfort Børsparken **(1 ноќ)**

**Место**
Осло

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 3: Осло City Tiour FREE ИЗЛЕТ и поаѓање за Копенхаген!**

Доручкуваме, се одјавуваме од хотелот и одиме да го видиме градот! Одиме на утринска прошетка низ норвешката престолнина, при што ги гледаме сите знаменитости на Осло, одиме по улицата Карл Јоханс гејт кон Кралската палата и потоа кон Градското собрание на Осло. Продолжуваме кон тврдината Акерсухс па кон крајбрејжето Акер Бриге кадешто ни се отвара прекрасен поглед кон Ослофјордот. Во попладневните часови, се упатуваме пешки до пристаништето по што ни следува пловидба со фериброд до Копенхаген. Ноќеваме на бродот.

**Превоз**
Пловидба со Фериброд од Осло до Копенхаген

**Место**
Осло

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Oslo City Tour -- ИЗЛЕТ ВКЛУЧЕН ВО ЦЕНАТА!!

**Ден 4: Копенхаген**

Пристигнуваме во Копенхаген со фериброд. Се упатуваме кон нашето сместување и имаме слободно време за прошетка и истражување на градот. Ноќевање.

**Превоз**
Трансфер од пристаништето во Копенхаген до сместувањето

**Сместување**
Best Western Hebron Hotel **(1 ноќ)**

**Место**
Копенхаген

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 5: Слободен ден или Факултативен излет -- Copenhagen City Tour**

Се будиме во прекрасниот Копенхаген. Имаме слободно време или опционално факултативен излет -- Copenhagen City Tour. Започнуваме од стариот дел на Копенхаген, познат како Indre By. Релативно мала област но полна со атракции. Ги гледаме познатите Кристијансборг, дом на данскиот парламент, старата берза, Кралскиот дански театар, шареното пристанишно подрачје Љухавн како и палатата Амалиенборг, зимската резиденција на кралското семејство кадешто можеме да видиме смена на стража. Исто така, може да направиме и кратка прошетка до познатата Мала сирена која е симбол на цела Данска како и главна атракција. Се враќаме во хотелот и имаме ноќевање.

**Сместување**
Best Western Hebron Hotel **(1 ноќ)**

**Место**
Копенхаген

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Copenhagen City Tour

**Ден 6: Враќање и крај на патувањето**

По појадокот, се одјавуваме од хотелот и се упатуваме кон аеродромот. Лет од Копенхаген до Скопје. Пристигнуваме во Скопје и крај на патувањето.

**Превоз**
Трансфер од сместувањето до аеродром
Авио билет со сите такси на релација Малме- Скопје (WizzAir),во економска класа вклучен рачен багаж од 10kg со димензии 40x20x25cm

**Место**
Копенхаген, Скопје

**Храна**
Breakfast box × 1

**Цени и услови**

| Што е вклучено |
|---|
| Регуларна цена<br>**1.459,00** EUR |
| **ПРОМО ПОПУСТ!**<br>Попустот важи **за првите 4 пријави!**<br>**1.259,00** EUR |

**Не е вклучено**

- Меѓународно здравствено осигурување (може да се уплати во агенцијата)
- Индивидуални трошоци за времетраење на аранжманот
- Факултативни излети и влезници за културно-историски споменици
- Доплата за дополнителен багаж (10 kg. или 20 kg.)
- Карти за локален јавен превоз
- Сите не споменати услуги

Сите уплати се вршат **исклучиво во денарска противредност** по курс од 62 денари за 1 евро и тоа:**при пријавување се плаќаат 200€ (12.400,00 МКД) по лице.** Преостанатиот дел се плаќа **најдоцна 40 дена пред поаѓање.** Можност за плаќање преку трансакциска сметка (на фактура) и со платежни картички Visa, Master, Maestro.

Препорачуваме рано пријавување на патници заради ограничениот број на места. При пријавувањето потребно е да се достави скренирана прва страница од патната исправа, која е валидна за датумот на патувањето (има важност минимум 6 месеци по датумот на враќање и има доволно празни страници во текот на патувањето), во спротивно агенцијата не одговара за печатење на авио билетот со погрешни податоци.

**Факултативни излети**

**Stockholm City Tour**

**Цена**: **30,00** EUR

Пешачки разглед на Стокхолм (околу 3 часа). Стокхолм – убавината на водата – заштитен од морето со Скаргарден, стокхолмскиот архипелаг. За време на разгледот ќе прошетате низ Стариот град, каде ќе поминете покрај тесни улички и сокачиња од средновековниот дел на градот. Разгледот продолжува низ централните делови на модерниот Стокхолм – Градското собрание, каде што се одржува годишниот банкет по церемонијата на доделување на Нобеловата награда.

*Забелешка! Датумите и цените на факултативните излети се за информативни цели и се предмет на промена, во зависност од достапноста на датумите по

локалитет, бројот на пријавени патници и објективни околности.

**Васа музеј**

**Цена**: **35,00** EUR

Попладнето факултативна посета на музејот Васа. Во големата музејска сала е изложен воениот брод Васа – единствениот зачуван брод од 17 век во светот.".

Во цената не е вклулено: локален водич.

*Забелешка! Датумите и цените на факултативните излети се за информативни цели и се предмет на промена, во зависност од достапноста на датумите по локалитет, бројот на пријавени патници и објективни околности.

**Oslo City Tour -- ИЗЛЕТ ВКЛУЧЕН ВО ЦЕНАТА!!**

Утрински пешачки разглед низ норвешката престолнина, при што ќе имате можност да ги разгледате сите главни знаменитости на Осло (приближно 2–2,5 часа). Во текот на разгледот ќе ги истражите најважните атракции во централното градско подрачје. Рутата се движи по улицата Карл Јоханс гејт кон Кралската палата (надворешен разглед), а потоа продолжува кон Градското собрание на Осло (надворешен разглед).

По пат ќе ја видите тврдината Акерсхус (надворешен разглед) и ќе прошетате покрај крајбрежјето Акер Бриге, од каде се пружа прекрасен поглед кон Ослофјордот.

**Copenhagen City Tour**

**Цена**: **30,00** EUR

Го посетуваме стариот дел на Копенхаген, познат како Indre By, е релативно мала област, и повеќето од главните атракции се наоѓаат на пешачко растојание. Разгледот на Копенхаген (приближно 3 часа) е одличен начин да се видат главните знаменитости на градот, вклучувајќи ја палатата Кристијансборг, дом на данскиот парламент, старата берза, Кралскиот дански театар, шареното пристанишно подрачје Њухавн, како и палатата Амалиенборг, зимската резиденција на кралското семејство, каде што може да се види смената на стражата. По завршувањето на разгледот, можете да направите кратка прошетка до познатата Мала сирена, која не е само главна атракција на Копенхаген, туку и симбол на цела Данска.

*Забелешка! Датумите и цените на факултативните излети се за информативни цели и се предмет на промена, во зависност од достапноста на датумите по локалитет, бројот на пријавени патници и објективни околности.

**Сместување**

**ProfilHotels Riddargatan** ****

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Хотелот ProfilHotels Riddargatan е хотел со 4* по локална категоризација сместен во центарот на Стокхолм. Хотелот е модерен, располага со ресторан и бар. Се сместуваме во двокреветни соби со сопствен тоалет, бесплатен интернет, клима уред и ТВ.

*Услугата е на база ноќевање со појадок.*

**Адреса**
Riddargatan 14
Östermalm
11435 Stockholm
Sverige

**Comfort Børsparken** ***

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Хотелот Comfort Børsparken е хотел со 3* по локална категоризација. Лоциран на 3 минути од Oslo Central Station, хотелот располага со модерен декор, ресторан и фитнес центар. Се сместуваме во двокреветни соби со сопствен тоалет, клима уред, бесплатен интернет и ТВ.

*Услугата е на база ноќевање со појадок.*

**Сајт**
https://comfortborsparken.com-hotel.website/

**Адреса**
Tollbugt 4
0152 Oslo
Norway

**Best Western Hebron Hotel** ***

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Хотелот Best Western Hebron е хотел со 4* по локална категоризација во Копенхаген. Лоциран во центарот на градот, хотелот располага со градина, ресторан и перална. Се сместуваме во двокреветни соби со сопствен тоалет, бесплатен интернет и ТВ.

Услугата е на база ноќевање со појадок.

**Адреса**
Helgolandsgade 4
Vesterbro
1653 Copenhagen
Denmark

**Превоз**

**Места**

**Скопје**

Скопје е главен и најголем град на Република Северна Македонија.

**Стокхлом**

Стокхлом е главен и најголем град во Шведска, каде живее 22% од населението во оваа земја. Градот е седиште на Кралската академија за науки, Каролинскиот институт и Шведската академија, институции кои ги одредуваат добитниците на Нобелова награда во областа на: хемија, физика, економија, медицина и книжевност. Името на градот во буквален превод на старошведски значи „тврдина на остров“. Денес градот се протега на повеќе мали острови, а еден од нив е Џургарден, во срцето на Стокхлом, дом на многу музеи, историски градби, шима и мирни канали. Островот е кралско земјиште уште од 15-от век, но отворен е за јавноста.

**Осло**

Осло е главен град на Норвешка, земја позната по фјордови и Викинзи кои всушност и го имаат основано Осло во 9-от век. Денес Осло е модерен град со околу милион жители. Фјордот во кој се наоѓа Осло е долг околу 100 км. Околу градот се наоѓа архипелаг со повеќе од 40 острови.

**Копенхаген**

Копенхаген е убава и питома средина, исто така главен град на Данска, кој маѓепсува над милион туристи секоја година. Град во кој скоро сите возат велосипед, во кој на секој час се случува некаква изложба и каде што секоја вечер настапуваат најпознатите музички ѕвезди и каде можете да ги вкусите најубавите пива на светот. Град кој несомнено ќе ве освои.

**Корисни информации**

**Важни напомени**

**Напомени:**
**Општи напомени:**

- Организатор на патувањето е ТА ЦЕЛ СВЕТ ДОО СКОПЈЕ со лиценца УП 113-289 ОД 17.07.2024 година.
- При пријавување, потребно е да доставите копија од пасош/податоци од пасошот со кој патникот ќе патува на самото патување. Патникот мора задолжително да го провери траењето и исправноста на патниот документ, како и бројот на слободни страници потребни за патувањето.
- Сите пасоши мораат да имаат рок на важење минимум 180 дена (6 месеци) од датумот на враќање во земјата.
- Организаторот на патувањето го задржува правото на измена на одредени содржини од програмата, во случај на вонредни околности и работи кои агенцијата не може да ги предвиди, за време на склучување на договорот.
- Организаторот на патувањето не е овластен и не ја проценува валидноста на патните и други исправи.
- За сите информации кои се дадени по усмен пат, агенцијата не сноси никаква одговорност.
- Потписникот на Договорот за патување или претставникот на групата на патници е задолжен да ги информира и запознае сите патници со договорениот програм на патување, условите на плаќање, визирање и ОПШТИТЕ УСЛОВИ НА ПАТУВАЊЕ НА ТА ЦЕЛ СВЕТ од СКОПЈЕ.
- Патниците се должни, два дена пред поаѓање, да го проверат точното време и место на поаѓање на групата.
- Патникот е должен сам да се запознае со правилата на однесување во земјата во која патување и да ги почитува важечките законски царински прописи.
- Во превозните средства најстрого е забрането пушење, конзумирање на алкохол и опојни средства.
- Патниците се дожни да, во автобусите и другите превозни средства со кои се врши трансфер, останат на своите места и не смеат истите да ги напуштаат на места кои не се предвидени за пауза (граници, чек-поинт станици, патарини итн). Во случај патникот да го напушти возилото без претходен договор со претставникот на агенцијата, истиот сам ги сноси сите трошоци и последици.
- Патникот кој преку неадекватно однесување, ги вознемирува останатите патници или смета на шоферите и/или придружникот на групата во својата работа, ќе биде одма исклучен од патувањето и целата одговорност преоѓа на него/неа, без право на жалба и враќање на пари.
- Патникот е должен да ја почитува “саатницата” одредена од страна на претставникот на агенцијата на патувањето, во спротивно, претставникот на агенцијата има право да го исклучи патникот од патувањето.
- Во туристичките автобуси не е можна употреба на тоалет. Во согласност со планот и програмот на патувањето, паузи се прават на 3-4 часа (во зависност од локацијата и опременоста на бензинските станици), кои патниците можат да ги користат за употреба на тоалет.
- Агенцијата го одредува распоредот на седење, местото на поаѓање, местата за паузи и времетраењето на истите. Со плаќање на превозот, патникот го

прифаќа горенаведеното, без право на приговор и жалба.

- Аранжманот е направен на база на минимум 10 патници за далечни патувања и 50 патници за европски патувања.
- Во случај на недоволен број на патници за реализација на аранжманот или други објективни околности, организаторот на патувањето ги информира патниците дека аранжманот е откажан – најкасно 10 дена пред датумот на поаѓање за далечни патувања и 5 дена пред датумот на поаѓање за европски патувања.
- Кај аранжманите кои вклучуваат превоз со авион, по купување на авио картата, невозможно е средствата да се вратат и во тој случај – важат условите на авио компанијата.
- Кај аранжманите кои вклучуваат low-cost авио компании, во случај на одложување на летот, откажување или губење на конекциите, патниците се дожни сами да ги платат новонастанатите трошоци и агенцијата не може да влијае на околностите кои се надвор од нејзиниот домет.
- Цените на low cost аранжманите се подложни на промена. По уплата на авансот се проверуваат тарифите и на патникот му се потврдува цената на аранжманот.
- Агенцијата не сноси одговорност доколку дојде до промена на авио конекциите од страна на авио компаниите.
- Саатниците на летовите наведени во планот и програмот или добиени од страна на агенцијата се подложни на менување и зависат исклучиво од авио компанијата.
- Агенцијата го задржува правото да го одбере превозното средство за трансфер. Трансферот се врши до самото сместување, доколку истото е физички возможно.
- За сите понудени или достапни дополнителни доплати, кои имаат врска со планот и програмот на патувањето, или сместувањето, потребно е да се изјасните при пријавување.
- Доколку некој патник сам одлучи да смени дел од планот и програмот на патувањето, агенцијата нема обврска на тој патник да му обезбеди трансфер/ран или доцен check-in или check-out во сместувањето/различни ноќевања во сместувањата, од она што е предвидено со планот и програмот на патувањето.
- Малолетните патници за време на патувањето мора да имаат заверена согласност од родителите.
- Заради почитување на саатниците предвидени со програмот на патување, како и почитување на времето на останатите патници од групата, не постои можност за задржување на границите кои претставуваат излез од Европска Унија, поради заверување на сметки и враќање на данок од Европската Унија (TAX FREE)
- Наша препорака е да водите сметка за вашите лични документи и пари на Вашето патување.
- За овој аранжман се применуваат ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ПАТУВАЊЕ.

**Напомени во врска со сместувањето:**

- Организаторот на патувањето, ТА ЦЕЛ СВЕТ, го задржува правото на распоред по соби, во согласност со структурата на собите во сместувачкиот објект. Доколку постои можност, агенцијата се труди да излезе во пресрет на желбите на патниците (Ве молиме да имате разбирање. Ова патување пред с□ треба да биде авантура и добра забава).
- Во сместувачките објекти се влегува првиот ден од престојот во согласност со правилата на самиот сместувачки објект.Најчесто, check-in е во попладневните часови (14h или 15h), а check-out – последниот ден од престојот, најчесто до 10h или 11h.
- Описите на сместувачките објекти се од информативен карактер.
- Некои од дополнителните содржини на сместувачките објекти се достапни со доплата. Постои можност на отстапувања и промена на достапноста на некои содржини, бидејќи истите зависат исклучиво од сместувачките објекти (нпр. Сеф, паркинг, мини-бар, ТВ, клима уред...)
- Патникот е должен да ги почитува правилата на сместувачкиот објект и сам сноси одговорност доколку дојде да санкционирање од страна на персоналот на сместувачкиот објект
- Во некои сместувачки капацитет во Азија, Африка и Латинска Америка – нема врела вода.
- Сместувачките капацитети ги сместуваат патниците и го одредуваат распоредот и типот на собите спрема својата расположливост во дадениот момент. Агенцијата не е во можност да им потврди на клиентите дали креветите ќе бидат twin (раздвоени) или double (голем француски лежај), како ни спратноста во самото сместување, освен доколку тоа не е посебно назначено во Договорот. Клиентот со уплата на аранжманот се согласува со овие факти и условите на сместувањето, без право на жалба.
- Патниците кои што патуваат сами во некои програми имаат можност да со доплата, престојуваат сами во еднокреветна соба. Доколку патникот сака да се спои со некој од другите патници од групата и не сака да плаќа доплата, прифаќа да се спои со било кое лице од групата, без оглед на возраста и полот на сопатникот. Во овие ситуации, агенцијата апсолутно не одговара за било какви евентуални непријатност или несогласувања кои патниците можат да ги имаат за време на патувањето.

**Напомена во врска со факултативните излети:**

- Факултативните излети не се задолжителен дел од патувањата и за факултативните излети не е обезбедена заштита во поглед на гаранција за патувањето.
- Термините и цените на факултативните излети се променливи и зависат од слободните термини по локалитетите, бројот на пријавени патници и други објективни околности.
- Факултативните излети се реализираат од страна на локални агенции. ТА ЦЕЛ СВЕТ не е во можност да влијае на работи кои се надвор од нејзиниот домет, односно се врзани за самата реализација на излетот.
- Факултативните излети се реализираат од локални туристички водичи, на самите локалитети, на англиски јазик. Со плаќање на излетот, патникот ги прифаќа сите услови на локалната агенција, без право на жалба.
- Агенцијата не може да влијае на времетраењето на патувањата до локалитетите, времето на поаѓање, враќање или обиколка, како ни стручноста на локалните водичи.
- При уплата на факултативен излет, патникот ги прифаќа условите на локалната агенција која е организатор на излетот. Доколку еден патник уплаќа излет во име на други патници, истиот е должен да ги извести сопатниците за условите на локалната агенција. Било какви измени и откажување од излетот по уплатата, не се возможни, ниту е возможно, под било кои околности, да се рефундираат уплатените средства.
- Се молат сите патници, пред уплаќање на факултативен излет, да се информираат и упознаат со предвидениот план и услови за факултативниот излет.

**Напомена во врска со визите**:

- Патниците задолжително мора да се запознаат со визниот режим на државата во која патуваат.
- Некои амбасади бараат задолжително присуство на патникот за аплицирање за виза. Патниците се должни да ги испочитуваат правилата на амбасадата,
- Патниците се должни да ги доставаат документите за визирање, најдоцна 1 месец пред патувањето, а доколку не ги достават во наведениот рок, должни се сами да ја обезбедат визата за патување.

- Патниците кои не посеуваат нови биометриски пасоши на Република Македонија, должни се сами да се запознаат со визниот режим на државите во кои патуваат и сами да ги обезбедат визите за патување.
- Агенцијата не гарантира дека на патникот ќе му биде одобрена виза и не е овластена да утврдува валидност на документи.
- Агенцијата не сноси одговорност во случај на недобивање на виза.